**Совет на општина Шуто Оризари-KonsilikikomunaŠutoOrizari-Këshilli I komunës Shuto Orizari**
**Република Северна Македонија–Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut**

**Бр- No-Nr. 08-298/27**
**30.06.2026 год- berš-viti**
**СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP**

Врз основа на член 93 и добиената согласност од Министерството за транспорт со арх.број 21-2989/2 од 09.04.2026 година прикачена на информацискиот систем е-урбанизам на ден 22.04.2026 година со постапка број 39701 , а во согласност со член 27 став (8) од Законот за урбанистичко планирање(Сл.Весник на РСМ бр 32/20 ,111/23 и 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25) и врз основа на своите овластувања, Градоначалникот на Општина Шуто Оризари го доставува до Советот на Општина Шуто Оризари Предлогот на Конечниот Детален урбанистички план за Градска четврт С.07 за донесување на истиот.Советот на Општина Шуто Оризари во согласност со своите овластувања согласно член 22 став 1, член 36 од Законот за локална Самоуправа и член 41, став 1,2,.4 и 5 (,,Сл.весник на РМ'' бр.5/2002 и ,,Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 35 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Шуто Оризари (Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.1/97) и член 49 од Деловникот за работа на Советот на општина Шуто Оризари бр.2/97 на својата 7-ма седница одржана на ден 26.06.2026 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

## За одобрување и донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт С.07 во Општина Шуто Оризари - Скопје

### Член 1

Врз основачлен 93, член 27 став (8) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр 32/20 и 111/23, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25 ) и согласноста од Министерството за транспорт со арх.број 21-2989/2 од 09.04,2026 година, прикачена на информацискиот систем е-урбанизам на ден 22.04.2026 година со постапка број 39701, Градоначалникот на Општина Шуто Оризари го достави до Советот на Општина Шуто Оризари, Предлогот на Конечниот Детален урбанистички план за Градска четврт С.07 за донесување на истиот.Советот на Општина Шуто Оризари во согласност со своите овластувања согласно член 22 став 1 и член 36 од Законот за локална Самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 35 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Шуто Оризари (Службен гласник на Општина Шуто Оризари бр.1/97),член 49 од Деловникот за работа на Советот на општина Шуто Оризари бр.2/97 на својата осма седница одржана на ден 25.06.2026 година ја донесе следната на својата 7-ма седница одржана на ден 26 .06.2026 година ја донесе оваaa Одлука

**Член 2**

Се одобрува и донесува Деталниот урбанистички план за Градска четврт С.07 во Општина Шуто Оризари, Скопје за изградба на објекти со следната намена:

А-Домувањеи престој
А1-Домување во куќи
Б - Деловни и комерцијални намени
Б1.4 - Мали објекти за трговија со мешана стока
Г - Производство, рударство, енергетика и индустрија
Г2.1 - Згради од лесната градежна индустрија, складови, стоваришта
Е - Инфраструктура
Е1.1 - Јавни патишта со пратечки градби и инсталации

Со површина на опфатот од 30,97 ха, изработен од ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија доо Скопје со тех.број 70/2021 од јуни 2025 година, за плански период (2021-2026 година), аплициран во постапка број 39701 преку електронскиот систем е-урбанизам а врз основа на согласноста од Министерството за транспорт со арх.бр.21-2989/2 од 09.04.2026 година согласно со член 51од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/2020, 111/23 и 171/24,224/24, 40/25 и 101/25), кое е во прилог на оваа Одлука.

**Член 3**

Советот на Општина Шуто Оризари констатира дека се исполнети условите од член 27 став (9) од Законот за урбанистичко планирање, врз основа на тоа од вкупниот број од деветнаесет советници колку што брои Советот на општина шуто Оризари , а на седницата биле птисутни 16 советници, за донесување на ДУП за градска четврт С.07 позитивно со 15 гласови ЗА,против 0 гласови и еден советник не гласал со што за донесување на истиот со мнозинство на повеќе од половината од вкупниот број на членови на Советот беше одобрен и донесен Деталниот урбанистички план за Градска четврт С.07,со површина на опфатот од 30,97 ха, изработен од ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија доо Скопје со тех.број 70/2021 од јуни 2025 година, за плански период (2021-2026 година), и истиот заедно со оваа Одлука ќе биде прикачен во информативниот систем е-урбанизам со број на постапка 39701 и навеб страната на Општина Шуто Оризари www.sutoorizari.gov.mk за понатамошна постапка.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила од денот на објавувањето во службен гласник на Општина Шуто Оризари и на веб страната на Општината www.sutoorizari.gov.mk

Совет на Општина Шуто Оризари
Претседател
Јаше Сефер, с.р.

**,,Градоначалник на општина Шуто Оризари- Šerutno ki komuna Šuto Orizari-Kryetari I komunës Shuto Orizari,,**
**,,Република Северна Македонија- Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut,,**

**Бр- No-Nr. 09-298/28**
**30.06.2026год-berš-viti**
**СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 и 16 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ " бр.05/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 45, точка 2 и 12 од Статутот на општина Шуто Оризари,(„Службен гласник на Општина Шуто Оризари" бр.01/97), Градоначалникот на општина Шуто Оризари донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

**За прогласување и објавување на Одлуката за одобрување и донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт С.07 во Општина Шуто Оризари - Скопје**

## Член 1

Се прогласува и објавува Одлуката за усвојување на Одлуката за одобрување и донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт С.07 во Општина Шуто Оризари - Скопје, Советот ја донесе на Седницата одржана на 26-ти Јуни 2026 година.

## Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Шуто Оризари" и на веб страната www.sutoorizari.gov.mk.

Градоначалник на
Општина Шуто Оризари
Дудуш Курто, с.р.